Претставници на институциите кои го сочинуваат Националниот комитет за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам (НКСНЕБПТ) и на граѓанските организации беа дел од обуката што ја организираше Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и се одржа од 21 до 23 февруари 2024 година во Велес. Обуката беше посветена на Комуникациски вештини, односи со медиумите, отпорност на лажни вести и комуникација во криза.



Во воведниот дел учесниците разговараа за потребата од постојано подобрување на комуникациските вештини и знаења, особено во време кога сите се соочуваме со предизвиците на новите технологии, лажните вести, вештачката интелигенција и слично. Ова особено е важно кога се имаат предвид темите со кои се занимава ова тело и институциите вклучени во неговата работа. Во таа смисла и почетокот на обуката беше резервиран за пронаоѓање на стилот на комуникација на учесниците како и за правилата и причините за прекин во комуникацијата и комуникацијата преку повеќе

канали.



Во вториот дел, учесниците имаа можност да поработат на вештините за комуникација со медиумите. Низ дискусијата со Снежана Лупевска Созен, истражувачки новинар, главен и одговорен уредник на Телевизија Телма тие имаа можност да ги разберат потребите на новинарите и медиумите за навремени информации од релевантни извори какви што се институциите. Исто така, можеа да ги пренесат забелешките на известувањето на дел од новинарите и медиумите, особено кога станува збор за чувствителни прашања. Тие се согласија дека е корисна континуирана соработка низ која подобро ќе се запознаат институциите и медиумите и подобро ќе ја разберат природата на работата на другиот што ќе обезбеди попродуктивен однос од кој граѓаните би добиле навремени, проверени и квалитетни информации.





